Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерство за транспорт и врски на ден 28.02.2019 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ ДУПД за Технолошко индустриска развојна зона "Липково", КО Никуштак, Општина Липково, кој го донесува Министерот за транспорт и врски, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ ДУПД за Технолошко индустриска развојна зона "Липково", КО Никуштак, Општина Липково, се определуваат следните: општина Липково, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски, Дирекција за Технолошки индустриски развојни зони, Дирекција за заштита и спасување, ЕВН Македонија, Македонски Телеком, Комунални претпријатија, невладини организации, еколошки друштва, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор.

3. Планскиот документ ДУПД за Технолошко индустриска развојна зона "Липково", КО Никуштак, Општина Липково, за чија изработка е одговорна Агенцијата за планирање на просторот-Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: здравје на населението и социоекономски развој, заштита и управување со емисиите во воздух, вода, почва, управување со емисии од бучава, вибрации, отпад, заштита и унапредување на пејзажот, заштита на културно и природно наследство, материјални добра, управување со несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на следната адреса: www.mtc.gov.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 24-2102/1

Место Скопје

Министер

Горан Сугарески